929:949.717.06(049.3)

Димитар ДИМЕСКИ

## ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
**„Крсте Мисирков", Битола, 1988**

Во издание на новоснованата едиција „Илинденци" на битолски „Мисирков", излезе од печат најновата публикација на проф. д-р Димитар ДИМЕСКИ под наслов: **„Гоце Делчев".** Со ова публикација воедно се одбележува 85-годишнината од смртта на апостолот на македонското национално-ослободително движење — Гоце Делчев (1872—1903). Публикацијата е поделена на повеќе глави и подглави, посебно одбележани со бројки. Неа ја красат 12 селективни илустрации.

Во нужниот краток предговор, авторот на публикацијата Димитар Димески се навраќа на родниот крај на Гоце Делчев — Кукуш, со п о с п е ц и ј а л е н осврт на неговото школување. Покрај детството, авторот го следи и Делчевото запишување во унијатското кукушко училиште, а потоа префрлувањето во егзархиското училиште, во учебната 1879/80 година. По завршувањето на третиот клас, Делчев извесно време станува чирак во една кукушка бакалница, а потоа работи во гостилницата на татка си Никола Делчев.

Во учебната 1888/89 година Делчев се запишува во IV клас во познатата солунска машка егзархиска гимназија „Св Кирил и Методиј". Живеел во гимназискиот пансион. Веќе имал 16 години. Бил постар од своите сокласници, поради паузата во школувањето, и затоа бил позрел и посериозен. Бил солиден ученик. Одлично се снаоѓал по предметите математика, турски и француски јазик. Читал доста книги со социјалистичка, филозофска и револуционерна содржина. Бил член на училишниот револуционерен (бунтарски) кружок.

По завршувањето на VI клас во јуни 1891 година, понатамошното школување го продолжил во Софија. Во периодот од тригодишното школување во Софија (1891—1894 г.) Гоце Делчев ги изучувал воените вештини во кнежевското воено училиште во Књажево. И тука продолжил со читање на бројни публикации со социјалистичка и пред сè, со револуционерна содржина. Во ова поглавје од интерес е авторовото прикажување на предвременото прекинување на Делчев со офицерството и неговото преминување во Македонија, за да му се посвети исцело на делото што му беше животен идеал. Во таа смисла, авторот ја следи Делчевата учителска и револуционерна дејност во Штип и Банско. Тука пред сè станува збор за Делчевото влегување во редовите на Македонската револуционерна организација, неговото другарување и револуционерно делување со Даме Груев и др. Тоа е познатата историска средба во Штип меѓу Д. Груев и Г. Делчев. Потоа Димески ја следи неуморната Делчева агитаторска и организаторска револуционерна дејност во Штип и околината. Така Делчевата револуционерна мисија во источна и централна Македонија, неговото уредување и изградба на пунктови и организациони канали за пренесување на оружје и друг конспиративен материјал од

Бугарија заземаат важно место во публикацијата на Д. Димески.

Посебно внимание авторот посветил на Делчевото влегување во редовите на ЦК на МРО и изработката, заедно со Ѓорче Петров, на нацртот на Уставот (од 1896 година, кој содржел 19 члена распоредени во IV глави) и правилникот на ТМОРО (од 48 члена). Потоа Димески ја следи мошне богатата Делчева **револуционерна дејност во Софија** (пак заедно со Ѓ. Петров) во својство на први задгранични претставници на МРО во периодот од 1896 до 1901 година.

По завршувањето на своето членување во задграничното претставништво на МРО, (Делчев) во секојдневната работа целосно му се посветува на ослободителното дело на Македонија. Всушност, од самото вклучување во редовите на Организација па до смртта, Делчев секоја година крстосувал низ Македонија. При тоа не го спречувало ни неговото нарушено здравје проследено (придружено) со силни стомачни болки. Тука пред сè се смета на Делчевото крстосување во источна Македонија (Радовишко, Малешевско, Струмичко, Петричко, Мелничко, Разлошко, Горноџумајско); потоа на двете мисии во југозападна Македонија, т.е. во историографијата неговиот познат „голем поход". Станува збор за Делчевата ревизија на организационата мрежа на Организацијата во Радовиш и околината и потоа инспекцијата на месните револуционерни комитети во Неготино, Кавадарци и на други места, создавањето на селски милиции во Тиквешијата и Прилепско и друго. При тоа, насекаде Делчев имал плодни и брјни средби, кои биле вонредно драгоцени за зацврстувањето на организациските редови и проширување на организационата мрежа. Тука секако најзначајна е Делчевата мисија во Битолскиот револуционерен округ во Костурско и Леринско. Во сето ова Димески ја следи Делчевата доминантна личност како врвен организатор и масовник во македонското ослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Во последните подглавја авторот се осврнува на мошне сложената проблематика во врска со предвремената востаничка илинденска авантура, за подигнување на македонскиот народ на едно предвремено и недоволно подготвено востание, подбуцнувано и предизвикано од бугарските врховистички елементи и на залудните обиди на Гоце Делчев да ја спречи очекуваната катастрофа на својот народ. Разочаран од неуспесите да ја запре одлуката за подигнување на востание, Гоце Делчев заминува „во Серско, за да си ја даде главата". Тоа било на 4 мај 1903 година. Сосема на крајот авторот приложува еден сублимиран заклучок.

Излегувањето од печат на најновата публикација на Димитар Димески, посветена на апостолот на македонското националноослободително движење — Гоце Делчев, претставува нов прилог во нашата национална историографија. Воедно, оваа публикација на Димески, во исто време е и нов прилог за историјата на македонското националноослободително движење од завршетокот на Источната криза до почетокот на Илинденското востание во Македонија.

Александар ТРАЈАНОВСКИ